Република Северна Македонија ... установа
Манифестација СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА
Republika e Maqedonisë së Veriut Institucion Nacional
Manifestimi NETËT STRUGANE TË POEZISË
Бр. 01-66/1
21. 02. 2025
Струга - Strugë

До,
**Министерство за култура и туризам**

**ул.„Мирослав Крлежа" бр.61 1000 Скопје**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА ЗА 2025г. СО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

**СТРУГА, февруари 2025год.**

## 1. ОФИЦИЈАЛЕН ДЕЛ НА ФЕСТИВАЛОТ

<u>Четврток, 21.08.2025</u>

**12:00 Садење дрво и поетско читање во чест на добитникот на „Златен венец“ на СВП за 2025 г.**

- „Парк на поезијата"

**13:30 Прес - конференција со добитникот на „Златен венец“ на СВП за 2025 г.**

- „ Конгресна сала Хотел „Дрим“

**18:30 Изложба на македонски ликовен уметник**

- „ Пијано сала“- Хотел „Дрим“

**20:00 Официјално отворање на Струшки вечери на поезијата 2025 година**

- Плато пред Центарот за култура „Браќа Миладиновци“

**20:30 „Поетски меридијани" - Меѓународно поетско читање**

- Плато пред Центарот за култура „Браќа Миладиновци“

**22:30 Свечен прием на учесниците на СВП 2025 година**

- Летна тераса на Хотел „Дрим“

<u>Петок, 22.08.2025</u>

**10:00 | Посета на манастирскиот комплекс и пештерските цркви во Калишта**

**13:00 | Поетско читање на поетите од потесниот избор за наградата „Браќа Миладиновци“ за 2025 година**

- Конгресна сала Хотел „Дрим“

**14:00 | Промоција на преведено издание на добитникот на наградата „Браќа Миладиновци" за 2024 година**

- Конгресна сала - Хотел „Дрим.“

**17:00 | Програма на професионални посетители**

- Конгресна сала, Хотел Дрим

**20:00 | Прошетка на поетите со брод по Охридското езеро и поетско читање**

**23:00 | Ноќ без интерпункција, Музичко - поетски перформанс**

- Летна Сцена, Центар за култура

<u>**Сабота, 23.08.2025**</u>

**10:00 | Портрет на добитникот на Браќа Миладиновци за 2025 година**

- „ Конгресна сала “ -Хотел„Дрим“

**11:00 | Портрет на добитникот на Мостови на Струга за 2025 година**

- „ Конгресна сала “ -Хотел„Дрим“

**12:00 | Претставување на поетите од Версополис**

- „ Конгресна сала “ -Хотел„Дрим“

**17:00 | *Излет до Охрид и разгледување на културните споменици во градот***

**20:30 | Поетски портрет на лауреатот на „Златен венец“ на СВП за 2025 г.**

- Црква „Св. Софија“, Охрид

**00:00 | Ноќ без интерпункција Музичко - поетски перформанс**

- Летна сцена, ЦК

<u>**Недела, 24.08.2025**</u>

**10:00 | „Поетско кафе со лауреатот за 2025 година“**

„ Конгресна сала “ -Хотел„Дрим“

**11:00 | Кругови, поетско читање-интернационална поезија**

**20:30 | „Мостови“, меѓународно поетско читање и врачување на наградите „Златен венец“, „Браќа Миладиновци" и „Мостови на Струга".**

- „Мост на поезијата“ – Струга

**22:30 | Коктел со учесниците на фестивалот**

- „Кепенци“ хотел Дрим

**00:00 Прогласување на добитникот на наградата „Енхалон"**

- Прес - центар на СВП во Хотел „Дрим“

**Понеделник, 25.08.2025**

**10:00 Поезија на пат**

**20:30 Меѓународен поетски митинг, Скопје**

  - *Плато пред Музејот на современата уметност во Скопје*

## 2. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА СВП ВО 2025 ГОДИНА

Издавачката дејност и понатаму ќе биде основа за некои од најзначајните програмски активности не само за време на фестивалот, туку и во текот на целата година, во програмата се предвидени повеќе книги, при што за дел од нив СВП ќе се обиде да обезбеди поддршка од други институции, фондации и фондови или спонзори.

Во минатото веќе се формираше структурата на издавачката дејност по однос на издавачките проекти кои редовно излегуват во издание на СВП како одделни книги/публикации:

1. **Монографија - Избор од поезијата на добитниците на наградата „Златен венец“ - на оригинал, англиски и на македонски;**

Како што е вообичаено уште од 1971 година на добитникот на „Златен венец“ се печати луксузно издание со голем избор од неговото творештво во оригинал и во напореден превод на македонски јазик и на англиски јазик. Ова издание како неодминливо и капитално во издавачката дејност на СВП и секогаш е подготвено да биде на високо ниво, и кога се работи за квалитетот на преводот,но и за сите други елементи, од графичката подготовка до печатењето.

**2.„Поезија од пет континенти - Кој е кој“ - избор од поезијата на учесниците на Струшките вечери на поезијата.**

Ова издание на СВП веќе низа години претставува неодминлив и практичен зборник во кој преку био-библиографските податоци и краток избор од нивното творештво во оригинал, на англиски и во превод на македонски јазик се застапени сите поети учесници на фестивалот. Со

ова издание СВП и во публикација ги чува сите траги за тековното издание, и е неопходна алатка, практична при реализација на приредбите, но овозможува и сите учесници да добијат еден траен документ за нивното учество. Од 2023 година ова издание е проширено и во него се застапени сите учесници на Фестивалот, а не само учесниците на главната програма.

**3. Едицијата „Плејади“**, во која ќе бидат објавени избори од поезијата на значајни поети од светот Во рамките на едицијата „Плејади" низ репрезентативните избори беа претставувани најзначајните поетски имиња од светот на македонски. За 2025 година, планирано е објавување на поетски книги на врвни автори. Овој избор дополнително ќе биде утврден со одлука, откако дефинитивно ќе бидат утврдени работите со авторските права.

**4. Книгата на добитникот на „Браќа Миладиновци", преведена на англиски јазик**

СВП во рамките на настојувањата за што поширока рецепција на македонската поезија и нејзина афирмација во светот ја печати книгата која во претходната година е добитник на највисоката поетска награда во Република Македонија „Браќа Миладиновци“, преведена на англиски јазик. Ваквиот издавачки потег, придружен со соодветен настан во рамките на самиот фестивал, но и презентации во рамките на други што ќе биде овозможено поширока промоција на македонската поезија во светот. Со ваквиот издавачки потег на СВП на сосема адекватен начин е направен вистински чекор во афирмација на македонската поезија, што е една од основните задачи и цели уште од основањето на нашата институција.

**5. Антологиски избор на една странска национална поезија;**

Уметничкиот Совет на СВП и Управниот Одбор ќе утврдат листа на потесен избор на земји чија поезија ќе биде претставена преку антологиски избор. Во насока на обезбедување на дополнителни средства за објавување на овие антологии контактира странски амбасади и фондови како поддржувачи и партнери, кои воедно би ги финансирале преку грантови одделни сегменти од подготовката, но и за патните трошоци за поетите кои ќе бидат вклучени во презентацијата.

**6. Книгата на добитикот на наградата „Мостови на Струга" на УНЕСКО и СВП;**

Секоја година книгата на добитникот на оваа награда се објавува во оригинал и во превод на македонски јазик и на англиски јазик.

7. **Каталози за ликовни изложби;**

8. **Плакати; Програма; Буклет водич на фестивалот;**

**3.ПРОГРАМА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА НУМ „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ ВО 2025 година**

ЦЕЛИ И ПЛАНОВИ

Главните цели кои треба да се остварат преку интензивната меѓународна соработка на СВП се:

1. Промоција и афирмација на Струшките вечери на поезијата, како најстар и најреномиран поетски фестивал во светот, како промотор на поезијата како едно од најзначајните духовни изрази на човештвото, во тие рамки и на македонската книжевност и култура.

2. Изнаоѓање на долготрајни, доверливи и погодни партнери со кои на билатерална и мултилатерална основа ќе бидат реализирани разновидни проекти во насока на промоцијата и развојот на поезијата, на културата, особено преку можностите со кои би се овозможила поголема перецепција и на македонската книжевност и култура, но и на светската во македоскиот културен простор, низ разновидни манифестации, настани, но и преку издавачки проекти, дигитални и други архиви, како и разни резиденцијални престои врз база на размени.

3. Изнаоѓање на други начини на финансирање на тековните активности, но и кои е овозможат развој и напредок на СВП и како институција, но и како културен бренд, кој на тој начин ќе развие уште поразновидна и поинтензивна активкост, и со самото тоа ќе има се поголем меѓународен углед и влијание.

Основни насоки на меѓународната активност на Струшките вечери на поезијата ќе бидат:

1. Соработка со значајни меѓународни организации, асоцијации и други институции (УНЕСКО итн.) од областа на културата и образованието.

2. Вмрежување и соработка со значајни меѓународни фестивали во и вон рамките на европската асоцијација на поетски фестивали (Ротердам, Берлин, Станца-Единбург, ТАЛ Стокхолм, Куирт - Галвеј, Ирска, Арс Поетика - Братислава, Интернационалниот фестивал на авторите во Харбурфронт центар - Торонто, Канада, Меделин, Ледбери, Поетри Африка во Дурбан итн.)

3. Промоција на СВП на разни големи културни настани, или во рамките на други одбележувања, случувања - во градовите културни престолнини на Европа - самостојни или заеднички со други партнери.

4. Соработка со значајни меѓународни и национални фондови - Креативна Европа,, Шведскиот совет за култура, Јавната агенција за книга на Словенија, Холандската фондација за литература итн.

ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2025 година

Во оваа година планирано е, засилено да бидат користени можностите од користење на фондови на Европската Унија, новата програма Креативна Европа, но и сите други фондови кои одделните земји во Европа и во светот ги имаат за поддршка на промоцијата на својата книжевност преку превод, при што покрај преведувачки, патувачки и други грантови за одделните поети, ќе се обидеме да реализираме и реципрочни проекти, преку кои македонската поезија ќе биде промовирана во светот.

Во насока на подобрување и интезнивирање на овие меѓународни активности НУМ Струшки вечери на поезијата прави напори да ги обезбеди и исполни сите можни предуслови потребни да ги реализира овие проекти, а кои се однесуваат на кадровско екипирање, на соодветно стручно оспособување на постојниот кадар, како и рестуктуирање на поставеноста во структурна, правна и друга смисла. Ова е особено важно при аплицирањето на подолготрајните проекти, како оние од програмата Креативна Европа. Во таа насока особено добредојдени ќе бидат искуствата на идните партнери, со што би зе забрзал процесот и СВП поскоро ќе може да биде вклучена во партнерските поекти кои се поддржани од споменатата програма.

**4.1 АКТИВНОСТИ, ПАРТНЕРИ И МАНИФЕСТАЦИИ КОИ ЌЕ БИДАТ РЕАЛИЗИРАНИ ВО РАМКИТЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА АКТИВНОСТ НА СВП В0 2025 година**

Со оглед на фактот дека сите проекти од меѓународната дејност што беа доставени до Министерството за култура и туризам за 2025 година се одбиени, засега единствен планиран настан што би се реализрал е **Versopolis Kick -offmeeting - Редовни планирани средби на сите членови (партнери) на проектот ВЕРСОПОЛИС - E(MERGING) CREATIVITY: A EUROPE-WIDELITERATUTE PLATFORM и посети на фестивалите, согласно предвидената програма на проектот** во декември 2025 година.

Институцијата ако најде можности во рамките на предвидените средства, или со алокација на средствата кои нема да бидат употребени за другите ставки, или ќе бидат заштедени на било кој начин, ќе ги употреби во делот на реализизација на проектите од меѓународната соработка на СВП. За сите конкретни или дополнителни учества ќе биде донесена дополнителна одлука во согласност со буџетот и можностите на институцијата.

**Други активности во насока на интензивирање на меѓународната соработка:**

ПРОГРАМА НА ПРОФЕСИОНАЛНИ ПОСЕТИТЕЛИ - Средба на директори и организатори на поетски фестивали во рамките на СВП 2025.

- Покани на почесни гости: директори на литературни фондови, литературни архиви,издавачи и сл.
- Претставување на СВП во земјите каде евентуално реципрочно ќе бидат издадени антологии на македонската поезија оваа година.

**4.2 Активности во рамките на проектот ВЕРСОПОЛИС, поетска платформа поддржана од програмата Креативна Европа на Европската Унија**

Во март 2014 година на иницијатива на СВП и издавачката куќа „Белетрина" од Република Словенија беше покрената иницијатива за создавање платформа во која ќе бидат вклучени десет поетски фестивали од Европа со цел да биде поттикната соработката, мобилноста на поетите, и промоцијата преку настани кои ќе бидат финансира со средствата од програмата „Креативна Европа" на Европската комисија.

Покрај Струшките вечери на поезијата во проектот се вклучени повеќе од 30 фестивали од различни европски земји.

Проектот овозможи не само значително олеснување и поддршка во организација на поетски настани од страна на фестивалите вклучени во платформата, туку и можност за презентација на македонската поезија преку поети кои се предложени за избор од страна на другите фестивали. За 2025 година предложени поети од НУМ СВП се Јулујана Величковска и Андреј Медиќ Лазаревски. Европската Комисија го препозна проектот како еден од најуспешните и затоа го избра да биде пример (showcase) за другите платформи кои ќе бидат предлагани во иднина. Постојните 13 партнери во платформата се зголемија на 38 редовни и придружни членки на почетокот на четвртиот циклус од реализација на платформата.

**Финансиски аспекти на проектот:**

Вкупниот поединечен буџет на партнерите вклучени во Версополис проектот кој е спонзориран од програмата на Креативна Европа, меѓу кои е и Струшки вечери на поезијата, за четирите години 2025-2028 предвидено е да изнесува 49990,40 евра од кои од кои:

- 80% ќе бидат покриени од ЕУ грантот
- 20%ќе биде покриен од секој од партнер членките во проектот како дел од обврската за само-финансирање според договорот склучен со проект лидерите и Креативна Европа. (За овие средства е биде аплицирано до Министерството за култура во делот на проектите од меѓународната соработка).

Сите други аспекти на реализацијата на овој проект се предвидени во Договорот, анексите и другата документација потпишана или добиена од Белетрина од Словенија, како одговорен правен субјект за реализација на истиот. Истите ги содржат и активностите предвидени за реализација, како што се критериумите и самата селекција на предложените кандидати, изборот на учесници кои ќе бидат поканети на фестивалите, типот на активностите и конкретните активности, како и методологијата на известување и за финансиските аспекти на проектот.

НУМ СВП аплицира за делот за кофинансирање на проектот (20%) за поддршка во делот на проекти кои се дел од меѓународната соработка на Министерството за култура и туризам. Доколку не биде покриена целокупната сума од бараните средства за партиципацијата на НУМ СВП во проектот, останатиот дел од средствата ќе биде покриен од програмските пари, имајќи го предвид фактот дека настаните организирани во рамките на проектот се дел од програмата и сите средства се користат за поддршка на реализацијата на истата.

| 12. Финансиски план и динамика на трошоците што се покриваат со средствата одобрени од Министерството за култура<br>Спецификација на трошоците на проектот (задолжително изразена во денари) | | |
|---|---|---|
| Бр. | Опис на трошокот во согласност со намените во Договорот<br>(патни/транспортни трошоци, дневни трошоци, трошоци за сместување, организациски трошоци, авторски надоместоци, печатење и друго; по потреба, дополнете ја табелата со нови редови) | Износ<br>(вкупни трошоци) |
| 1. | **Продукција и организација** | **5130000** |
| | Техничка опрема | 1200000 |
| | Награди(статуетки, плакети) | 680000 |
| | Сместување на учесниците и на гостите | 1500000 |
| | Печатење на изданието СВП 2024 | 700000 |
| | Патни трошоци | 850000 |
| | Коктел | 200000 |
| | | |
| | | |
| 2. | **Административни трошоци** | **150000** |
| | Канцелариски материјали | 50000 |
| | Комуникациски трошоци | 100000 |
| | | |
| 3. | **Авторски и други надоместоци** | **2220000** |
| | Лица/екипа ангажирена во реализација на манифестацијата | 1850000 |
| | Жири комисии | 120000 |
| | Водители или медијатори на разговори, работилници | 150000 |
| | Учесници/гости во програмата на манифестацијата | 100000 |
| | | |
| | | |
| 12.1. Вкупни трошоци што ќе бидат покриени со средствата добиени од МК (збир на сите трошоци во спецификацијата под точка 12. задолжително изразени во денари) | | **7500000** |